

# Студија на Случај: Следливост на Храната

## Следливоста води кон глобална препознатливост на Хрватските Компании

Хрватска е мала земја во Европа со околу 4,5 милиони жители, а како таква, таа претставува пазар со ограничен потенцијал. Поради таа причина, многу хрватски компании, кои се претежно мали и средни претпријатија, сметаат дека развојот и успехот тие треба да го бараат во проширување на странските пазари. Со цел да се постигне ова, компаниите работоат напорно на целосна имплементација на глобално прифатени стандарди во нивните бизнис процеси, а имплементацијата на GS1 Стандардите игра клучна улога. Ова е особено доаѓа до израз во Секторот Храна, кој е еден од националните приоритети, покрај земјоделството и туризмот.





Во Ноември 2010, GS1 Хрватска како стандардна услуга за своите компании членки воведе GS1 Глобално Испитување на Следливоста (GS1 Global Traceability Audit). Целта на оваа услуга е да им се помогне на хрватските компании да ги остварат своите заложби за пласман на глобалните пазари, преку обезбедување на усогласеност со меѓународните барања во однос на безбедноста на храната.

### Коестлин: по патот на GS1 Стандардите во Хрватска

Коестлин од Бјеловар е еден од водечките хрватски производители на храна и повеќе од 100 години традиција во производството. Коестлин е и компанија членка на Управниот Одбор на GS1 Хрватска. Имплементацијата на GS1 Стандардите во нивните бизнис процеси започна пред повеќе од 15 години, стандарди кои се покажаа како движечка сила на нивниот пат кон освојувањето на домашниот и меѓународниот пазар и целосна усогласеност со сите регулаторни барања во Хрватска и државите каде извезуваат.

Менаџментот ги препозна проблемите кои произлегуваат на пр. од недоволно регулираниот систем за следење на суровините полу-производите и готовите производи во складиште, како и недостатоци на процесите во текот на производството и синџирот на дистрибуција. Исто така воочија дека е потребна едукација на вработените во однос на следливоста и недоволно интегриран информатички систем.

## Соработката со GS1

По многу години на соработка помеѓу Коестлин и GS1 Хрватска во имплементацијата на GS1 стандардите, беа постигнати импресивни резултати. Компанијата сега има сигурен и цврст систем на следливост и ефективна контрола на употребата на суровини и амбалажа. Дистрибуција на производи е исто така подобро се контролира.



Во 2008 година, како напреден корисник на GS1 системот на стандарди, Коестлин учествување во пилот-проект GS1 Хрватска за развој и имплементација националните електронски каталог eCROKAT (чие име денес гласи GlobeCat), а во 2009 година се стекна со GSDN уверение. Денес Коестлин е претплатник на GlobeCat во кој сите производи се објавени и се повеќе се користи во трговијата и усогласувањето на матичните податоци со деловните партнери.

> Над 300% пораст на продажбата во последните 15 години благодарејќи на силниот процес на следливост користејќи ги GS1 Стандардите




## GS1 Стандарди кои се користат во Коестлин

- GTIN е доделен на сите нивоа на пакување на нивните производи (трговски единици, транспортни кутии, палети)
- Логистичка етикета усогласена со GS1 стандардите се користи за означување на транспорните и палените единици, со примена на соодветните Апликациони Идентификатори
- SSCC се користи за идентификација на динамичките палети (серијализација)
- GLN се корсти за идентификација на секоја страна или локација, секаде каде е потребно во деловните трансакции
- На трговските единици се користи EAN-13 симбологијата, а на етикетите на збирните пакувања и GS1-128
- Стандардот за GS1 Глобална Мрежа за Синхронизација на Податоците (GDSN) се користи во контектст на националниот GDSN-сертифициран е-каталог GlobeCat.

## Коестлин - успешно тестирање на Следливоста

По многу години на соработка со GS1 Хрватска, логичен следен чекор за Коестлин беше да се побара оценување на GS1 Следливоста кое беше направено во 2011 година. Коестлин покажа целосна усогласеност со сите критериуми и стана првата хрватска компанија која ги исполнува сите критериуми на усогласеност за Следливост согласно GS1 Стандардите.

Компанијата е уверена дека GS1 следливоста мошне корисно решение кое им помага во заложбите да се етаблираат како производител на храна, чиј квалитет е признаен и препознатлив на многу пазари ширум светот. Всушност, со оглед на тоа за прв пат започна да ги користи GS1 стандардите за Следливост во 2001 година, Коестлин бележи раст во својата продажба повеќе од 300%.

> Заинтетересирани за Решението за GS1 Глобална Следливост? Контактирајте со GS1 Македонија **www.gs1mk.org.mk** или посетете го сајтот: **www.gs1.org/traceability**

Благодарност до : GS1 Croatia

© Copyright 2012 GS1 AISBL
GS1 is a registered trademark of GS1 AISBL